## ЕЛЕНА
## АТАНАСОВСКА-ИВАНОВСКА

ПИЈАНО

ЕЛЕНА АТАНАСОВСКА-ИВАНОВСКА Е ЕДНА ОД НАЈУСПЕШНИТЕ И НАЈАФИРМИРАНИ ПИЈАНИСТИ ВО МАКЕДОНИЈА, КОЈА АКТИВНО УЧЕСТВУВА ВО МУЗИЧКИОТ ЖИВОТ ВО ЗЕМЈАВА, НО И НАДВОР ОД НЕА. ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ГО ЗАВРШУВА ВО ДМБУЦ „ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ – ЛУЈ" ВО КЛАСАТА НА ПРОФ. ЛЕПА МРМЕВСКА. ДИПЛОМИРА СО НАЈВИСОКА ОЦЕНА CUM LAUDE НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧК¬А УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ ВО КЛАСАТА НА ЕМИНЕНТНИОТ ПРОФ. БОРИС РОМАНОВ. ВО 2005 ГОДИНА ЗАВРШУВА ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ ВО КЛАСАТА НА ИСТИОТ ПРОФЕСОР.

ВО ТЕКОТ НА МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ СЕ ЗДОБИВА СО НАГРАДИ НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ. ПОВЕЌЕ ПРВИ НАГРАДИ НА РЕПУБЛИЧКО НИВО И МЕЃУНАРОДНО НИВО. ВО 2003 ГОДИНА ДОБИВА НАГРАДА ЗА НАЈДОБАР СТУДЕНТ ОД ФОНДАЦИЈАТА „ФРАНК МАНИНГ".

ПОВЕЌЕПАТИ ИМАЛА СОЛО НАСТАПИ СО МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА И КАМЕРНИОТ ОРКЕСТАР НА МУЗИЧКАТА МЛАДИНА НА МАКЕДОНИЈА.

БРОЈНИ СЕ КОНЦЕРТИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ДОМАШНИТЕ РЕНОМИРАНИ ФЕСТИВАЛИ „ОХРИДСКО ЛЕТО", „СКОПСКО ЛЕТО", „ЕСЕНСКИ МУЗИЧКИ СВЕЧЕНОСТИ", „ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА МУЗИКА", „БИТОЛСКО ЛЕТО", „ГЕВГЕЛИСКА ЕСЕН", НО И ФЕСТИВАЛИ НАДВОР ОД ЗЕМЈАВА, КАКО, „САРАЕВСКА ЗИМА" – БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, „FESTIVAL DE MUSICA DO PALACIO DA BOLSA" - ПОРТУГАЛИЈА, „FESTIVAL DE MUSICA DE SANT PERE DE RODES" – ШПАНИЈА, „GUARNERIUS, CENTAR LEPIH UMETNOSTI JOVANA KOLUNDZIJE", „CARNIARMONIE".

АКТИВНО СОРАБОТУВА СО НЕКОЛКУ УМЕТНИЦИ ОД ЗАМЈАВА, КАКО ПИЈАНО ДУОТО СО ЕДНА ОД НАЈАФИРМИРАНИТЕ ПИЈАНИСТИ, МАРИЈА ЃОШЕВСКА, ПРОФ. ГОРДАНА ЈОСИФОВА НЕДЕЛКОВСКА- ОБОА, ГОРАН НАЧЕВСКИ-БАРИТОН, РИСТО ЃОРЕВСКИ- КЛАРИНЕТ И ДРУГИ.

ИМА СНИМЕНО АУДИО ЗАПИС НА „СОНАТА ЗА ДВЕ ПИЈАНА" ОД Т. ЗОГРАФСКИ, КОЈА СЕ НАЈДЕ НА ЦД- ТО НА МАРИЈА ЃОШЕВСКА, А ВО ПРОЦЕС Е МОНТАЖАТА НА ЦД- ТО НА РИСТО ЃОРЕВСКИ – КЛАРИНЕТ, КАДЕ СЕ ЈАВУВА КАКО ПИЈАНО СОРАБОТНИК.

СОРАБОТУВАЛА СО МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА КАКО НЕЈЗИН НАДВОРЕШЕН ПИЈАНИСТ, КАКО И СО ОРКЕСТАРОТ ЗА ФИЛМСКА МУЗИКА F.A.M.E.S.

ВО МОМЕНТОВ РАБОТИ КАКО УМЕТНИЧКИ СОРАБОТНИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ, А ВОЕДНО Е ВО ПОДГОТОВКА НЕЈЗИНАТА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА.

## МАРИНА
## НИКОЛОВСКА

ОБОА

30.11.2020
19:00
ФИЛХАРМОНИЈА
КАМЕРНА САЛА

# КОНЦЕРТ

BACH - RIETZ - LEFEBVRE
STOJKOV - RIMSKY-KORSAKOV

ФИЛХАРМОНИЈА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЕЛЕНА
## АТАНАСОВСКА
## ИВАНОВСКА

ПИЈАНО





# ПРОГРАМА

J.S. BACH - СОНАТА ЗА ОБОА И ПИЈАНО BWV1020
- ALLEGRO
- ADAGIO
- ALLEGRO

J. RIETZ - КОНЦЕРТНА ПИЕСА ЗА ОБОА И ОРКЕСТАР
OP. 33
(АДАПТАЦИЈА ЗА ОБОА И ПИЈАНО)
- ANDANTE SOSTENUTO
- INTERMEZZO. ALLEGRO CON MOTO
- FINALE. ALLEGRETTO ANIMATO

C. LEFEBVRE - ДВЕ ПИЕСИ OP. 102
- ANDANTE
- ALLEGRO

С. СТОЈКОВ - СОНАТА ЗА ОБОА И ПИЈАНО

N. RIMSKY-KORSAKOV - ВАРИЈАЦИИ НА ТЕМА НА ГЛИНКА

# МАРИНА НИКОЛОВСКА

ОБОА



МАРИНА НИКОЛОВСКА Е РОДЕНА ВО 1984 ГОДИНА ВО КАВАДАРЦИ, КАДЕ ГО ЗАВРШУВА НИЖОТО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ НА ОТСЕКОТ ФЛЕЈТА ВО КЛАСАТА НА ПРОФЕСОР СИЛВАНА ЧУЛЕВА – АТАНАСОВА. СРЕДНОТО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ ГО ЗАВРШУВА ВО МБУЦ „ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ – ЛУЈ" – СКОПЈЕ НА ОТСЕКОТ ОБОА ВО КЛАСАТА НА ПРОФЕСОР ГОРДАНА ЈОСИФОВА – НЕДЕЛКОВСКА. ВО 2007 ГОДИНА ДИПЛОМИРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО КЛАСАТА НА ИСТИОТ ПРОФЕСОР СО НАЈВИСОКА ОЦЕНА CUM LAUDE. МАГИСТРИРА КАЈ ИСТИОТ ПРОФЕСОР ВО 2011 ГОДИНА.

ОД 2005 ГОДИНА МАРИНА НИКОЛОВСКА Е ЧЛЕН НА СИМФОНИСКИОТ ОРКЕСТАР НА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА, СО КОЈ ШТО ИМА ОСТВАРНО ОГРОМЕН БРОЈ НА КОНЦЕРТИ СО ВРВНИ УМЕТНИЧКИ ИМИЊА. ВОЕДНО Е ЧЛЕН И НА NO BORDERS ORCHESTRA, СОСТАВЕН ОД РЕНОМИРАНИ МУЗИЧАРИ ОД ПОРАНЕШНИТЕ ЈУГОСЛОВЕНСКИ ПРОСТОРИ. НАСТАПУВАЛА И СО БАЛКАНСКИОТ КАМЕРЕН ОРКЕСТАР. ОД 2013 ГОДИНА Е ЧЛЕН НА БАЛКАНСКИОТ СЕКСТЕТ PROARTE, СОСТАВЕН ОД МУЗИЧАРИ ОД МАКЕДОНИЈА, АЛБАНИЈА И КОСОВО, СО КОЈ ОСТВАРИЛЕ КОНЦЕРТИ ВО МАКЕДОНИЈА И СТРАНСТВО.

МАРИНА НИКОЛОВСКА УЧЕСТВУВАЛА НА ПОВЕЌЕ НАТПРЕВАРИ И Е ДОБИТНИК НА ПОВЕЌЕ НАГРАДИ:

-2003 ГОДИНА – II НАГРАДА – ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР – СКОПЈЕ
-2003 ГОДИНА – II НАГРАДА – ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН НАТПРЕВАР „ОХРИДСКИ БИСЕРИ" – ОХРИД
-2005 ГОДИНА – I НАГРАДА – ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН НАТПРЕВАР „ОХРИДСКИ БИСЕРИ" – ОХРИД
-2006 ГОДИНА – I СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА – ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР ПО КАМЕРНА МУЗИКА – СКОПЈЕ
-2006 ГОДИНА – I НАГРАДА – ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР – СКОПЈЕ

НАСТАПУВАЛА КАКО СОЛИСТ СО МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА ВО 2002, 2005, 2006, 2007 И 2010 ГОДИНА. ВО 2011 ГОДИНА НАСТАПИЛА КАКО СОЛИСТ СО ОРКЕСТАРОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ.